Владата им препорачува на Градот Скопје и другите општини, преку овластените инспектори за животна средина и комуналните инспектори, до 4 јануари 2016 година да вршат еднаш неделно контрола на инсталациите кои подлежат на Б интегрирана еколошка дозвола само во делот на емисии во воздухот и имисии. При тоа, во рамки на контролите на територија на Градот Скопје и Општината Тетово, да се даде препорака за редуцирана работа на индустриските капацитети во соодветната единица на локалната самоуправа.

Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да ги даде следните препораки до граѓаните почесто да го користат јавниот превоз, да не ги користат возилата без поголема потреба, да ја рационализираат употребата на автомобили што подразбира, повеќе лица да се возат со едно возило во исто време и да се почитуваат законските одредби во поглед на тоа да не се користи за затоплување на простории прегорено отпадно масло, лакирани или обоени отпадоци од дрво и мебел, стиропор, ПЕТ амбалажа, парчиња гума и каков било синтетички материјал.

Како што е наведено во соопштението од владината прес-служба, Владата го задолжи Државниот инспекторат за животна средина да изврши контроли на сите автосервиси и доколку констатира неправилности при работењето од нивна надлежност да преземе соодветни мерки.

Владата преку надлежните институции ќе ја следи реализацијата на донесените заклучоци и состојбата поврзана со загаденоста на воздухот.

## Вест - Бремените и постарите од 60 години со дишни и срцеви заболувања од Скопје и Тетово да не одат на работа до 4 јануари

ВЕСТ
www.vest.mk

ВЛАДАТА ДОНЕСЕ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ВРСКА СО АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО

### БРЕМЕНИТЕ И ПОСТАРИТЕ ОД 60 ГОДИНИ СО ДИШНИ И СРЦЕВИ ЗАБОЛУВАЊА ОД СКОПЈЕ И ТЕТОВО ДА НЕ ОДАТ НА РАБОТА ДО 4 ЈАНУАРИ

Владата на вонредна седница донесе повеќе заклучоци и препораки во врска со зголеменото ниво на загаденост на воздухот.



Владата усвои заклучок со кој се препорачува на сите правни субјекти (работодавци) во Градот Скопје и Општината Тетово (каде беше констатирано дека во десет последователни дена ПМ-10 честичките се над дозволените граници), да ги ослободат од работни обврски бремените жени, лица над 60-годишна возраст со респираторни и кардиоваскуларни заболувања, како и лица под 60-годишна возраст со дијагноза астма и хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ), до 4 јануари.

Владата на Република Македонија им препорачува на Градот Скопје и Општината Тетово да ги интензивираат активностите за чистење на улиците, особено околу градилиштата.

Владата го задолжи Државниот инспекторат за животна средина, до 4 јануари 2016 година да врши секојдневна вонредна контрола во инсталациите кои подлежат на А интегрирана еколошка дозвола и секој ден да доставува извештај до министерот за животна средина и просторно планирање и до министерот за здравство.

Владата им препорачува на Градот Скопје и другите општини, преку овластените инспектори за животна средина и комуналните инспектори, до 4 јануари 2016 година да вршат еднаш неделно контрола на инсталациите кои подлежат на Б интегрирана еколошка дозвола само во делот на емисии во воздухот и имисии. При тоа, во рамки на контролите на територија на Градот Скопје и Општината Тетово, да се даде препорака за редуцирана работа на индустриските капацитети во соодветната единица на локалната самоуправа.

Владата го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање да ги даде следните препораки до граѓаните почесто да го користат јавниот превоз, да не ги користат возилата без поголема потреба, да ја рационализираат употребата на автомобили што подразбира, повеќе лица да се возат со едно возило во исто време и да се почитуваат законските одредби во поглед на тоа да не се користи за затоплување на простории прегорено отпадно масло, лакирани или обоени отпадоци од дрво и мебел, стиропор, ПЕТ амбалажа, парчиња гума и каков било синтетички материјал.

Како што е наведено во соопштението од владината прес-служба, Владата го задолжи Државниот инспекторат за животна средина да изврши контроли на сите автосервиси и доколку констатира неправилности при работењето од нивна надлежност да преземе соодветни мерки.

Владата на Република Македонија преку надлежните институции ќе ја следи реализацијата на донесените заклучоци и состојбата поврзана со загаденоста на воздухот.

## Алфа - *Владата донесе заклучоци и препораки во врска со аерозагадувањето*

Владата усвои заклучок со кој се препорачува на сите правни субјекти (работодавци) во Градот Скопје и Општината Тетово (каде беше констатирано дека во десет последователни дена ПМ-10 честичките се над дозволените граници), да ги ослободат од работни ...

## 24 Вести - *Владата донесе заклучоци и препораки во врска со аерозагадувањето*

Владата на Република Македонија денеска на вонредна седница донесе повеќе заклучоци и препораки во врска со зголеменото ниво на загаденост на воздухот. Владата усвои заклучок со кој се препорачува на сите правни субјекти (работодавци) во Градот ...

## МРТ - *Владата донесе заклучоци и препораки во врска со аерозагадувањето*

Се препорачува на сите правни субјекти во Градот Скопје и Општината Тетово да ги ослободат од работни обврски бремените жени, лица над 60-годишна возраст со респираторни и кардиоваскуларни заболувања, како и лица под 60-годишна возраст со дијагноза ...

## Нетпрес - *[Заклучоци и препораки од Владата поради загаденоста на воздухот]*

Владата на Република Македонија вчера на вонредна седница расправаше во врска со зголеменото ниво на загаденост на воздухот, при што донесе повеќе заклучоци и препораки. Ослободување од работните обврски за бремените жени и хронично болните ...

## Позитив.мк - *[Трудници и стари лица ослободени од работни обврски поради загаденоста]*

Владата на Република Македонија денеска на вонредна седница донесе повеќе заклучоци и препораки во врска со зголеменото ниво на загаденост на воздухот. Владата усвои заклучок со кој се препорачува на сите правни субјекти (работодавци) во Градот ...

## Скопје инфо - *[Владата донесе заклучоци и препораки во врска со аерозагадувањето]*

Владата на Република Македонија денеска на вонредна седница донесе повеќе заклучоци и препораки во врска со зголеменото ниво на загаденост на воздухот. Владата усвои заклучок со кој се препорачува на сите правни субјекти (работодавци) во Градот ...

## МКД - *[Владата донесе заклучоци и препораки за загадувањето]*

„Владата усвои заклучок со кој се препорачува на сите правни субјекти (работодавци) во Градот Скопје и Општината Тетово (каде беше констатирано дека во десет последователни дена ПМ-10 честичките се над дозволените граници), да ги ослободат

## Koha - Qeveria miratoi konkluzione dhe rekomandime lidhur me ndotjen e ajrit

Koha
E PËRDITSHME INFORMATIVE

# Qeveria miratoi konkluzione dhe rekomandime lidhur me ndotjen e ajrit

KOHA 28/12/2015 08:56:00

Madhësia:



Qeveria e Republikës së Maqedonisë dje në seancë të jashtëzakonshme solli shumë konkluzione dhe rekomandime në lidhje me nivelin e rritur të ndotjes së ajrit.

Qeveria miratoi konkludim me të cilin rekomandohet të gjitha subjektet juridike (punëdhënësit) në qytetin e Shkupit dhe Komunën e Tetovës (ku ishte konstatuar se në dhjetë ditët e fundit PM-10 grimcat janë mbi kufijtë e lejuar), t'i lirojnë nga obligimet e punës gratë shtatzëna, personat mbi moshën 60 vjeçare me sëmundje respiratore dhe kardiovaskulare, si dhe personat nën moshën 60 vjeçare me diagnozë të astmës dhe sëmundjes kronike obstruktive të mushkërive të bardha (SKOM), deri më 4 janar.

Qeveria e Republikës së Maqedonisë u rekomandon Qytetit të Shkupit dhe Komunës së Tetovës t'i intensifikojnë aktivitetet për pastrimin e rrugëve, veçanërisht rreth kopshteve.

Qeveria e obligoi Inspektoratin shtetëror të Mjedisit Jetësor, deri më 4 janar të vitit 2016 të bëjë kontroll të jashtëzakonshëm të përditshëm në instalimet të cilat nënshtrohen në A lejen e integruar ekologjike dhe çdo ditë të dorëzojnë raport deri te ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor dhe deri te ministri i Shëndetësisë.

Qeveria u rekomandon qytetit të Shkupit dhe komunave tjera, përmes inspektorëve të autorizuar për mjedis jetësor dhe inspektorët komunal, deri më 4 janar të vitit 2016 të kryejnë një herë në javë kontroll të instalimeve të cilat nënshtrohen në B lejen ekologjike të integruar, vetëm në

pjesën e emisioneve në ajër dhe imisionet. Megjithatë, në suaza të kontrolleve në territorin e qytetit të Shkupit dhe Komunën e Tetovës, të jepet rekomandim për reduktimin e punës së kapaciteteve industriale në njësinë adekuate të vetëqeverisjes lokale.

Qeveria e obligoi Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikmit Hapësinor t'i japë rekomandimet e ardhshme deri te qytetarët që më shpesh ta shfrytëzojnë transportin publik, të mos i shfrytëzojnë automjetet pa nevojë të madhe, ta racionalizojnë përdorimin e automobilave që nënkupton, më shumë persona të voziten me një automjet në të njëjtën kohë dhe të respektohen dispozitat ligjore, në pikëpamje që të mos shfrytëzohet për ngrohje të hapësirave vaj i djegur i mbeturinave, mbeturina të ngjyrosura nga druri dhe mobiljet, stiropor, PET ambalazhat, pjesë të gomave dhe çfarëdo lloj materiali sintetik.

Siç thuhet në kumtesën e pres shërbimit qeveritar, Qeveria e obligoi Inspektoratin shtetëror për mjedis jetësor të bëjë kontrolle në të gjitha autoserviset dhe përderisa konstaton parregullsi gjatë punës në kompetencë e tyre, të ndërmarrë masa adekuate.

Qeveria e Republikës së Maqedonisë përmes Institucioneve kompetente do ta ndjekë realizimin e përfundimeve të sjellura dhe gjendjen lidhur me ndotjen e ajrit.

## еМагазин - Расте загадувањето со јаглерод моноксид

еМагазин
Прв македонски онлајн магазин

# Расте загадувањето со јаглерод моноксид

40 VIEWS ДЕКЕМВРИ 28, 2015 ЧИСТА ОКОЛИНА РЕДАКЦИЈА ЕМАГАЗИН

Tweet



Во Република Македонија, во периодот од 2006 година до 2013 година, се забележува променлив тренд на опаѓање и покачување на емисиите на супстанциите SO2 - сулфур диоксид и NOx - азотни оксиди, додека емисиите на CO - јаглерод моноксид и TSP - вкупни суспендирани честички се покачуваат, покажуваат најновите податоци на Државниот завод за статистика.

„Ова се должи главно на променливото, честопати неконтинуирано работење на деловните субјекти, особено производството на енергија, индустриските процеси, металургијата и др., кои претставуваат главни извори на загадување на воздухот, како и на промената на користената методологија на пресметка како во случајот на TSP емисиите. Сепак, треба да се истакне дека во последните години, во однос на одредени загадувачки супстанции беа имплементирани мерки на национално ниво, но и мерки од страна на операторите подложни на ИСКЗ дозволи како дел од процесот на имплементација на активностите од нивните оперативни планови".

## Окно – *Излези за воздух: Итни мерки за воздухот, а не ветувања!*

# Излези за воздух: Итни мерки за воздухот, а не ветувања!

Активизам / Екологија

28.12.2015
02:59




Граѓанските здруженија и иницијативи - организатори на протестот „Излези за воздух" - со внимание ја проследија прес конференцијата на Министерот за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) одржана на 25.12.2015.

Сметаме дека МЖСПП конечно се разбуди од хибернацијата и проговори околу аерозагадувањето во повеќе детали. Препораките презентирани од страна на Министерот, во слична форма, уште во ноември беа објавени на интернет страницата на Министерството за животна средина. За жал, надминување на законските граничните вредности за ПМ10 честичките има речиси секој ден во декември. Спроведување на предлог мерките објавени во ноември, НЕМА!

Во делот на препораките на МЖСПП, сметаме дека три од седумте препораки, се во суштина евакуација на населението, а не мерки за спречување на аерозагадувањето (ослободување од работни обврски на хронични болни, бремени жени и лица постари од 60 години; предвремен зимски распуст за училиштата; забрана за работа на градежни работници на отворено). Наместо да си ја префрлаат топката, Владата, МЖСПП и локалните самоуправи на загрозените општини треба итно да реализираат кризни, краткорочни мерки, а истовремено да работат и на долгорочни, стратешки мерки кои ќе превенираат вакво енормно загадување. Со други зборови, Владата, МЖСПП и општините не треба да бидат само декларативни „пожарникари" против аерозагадувањето, туку треба да работат на спроведување на итните мерки и на превенција. Ја потсетуваме јавноста дека во истово време минатата година (2014), МЖСПП излезе во јавноста со предлог-мерки кои подоцна беа дискутирани и одбиени на ниво на Влада.

Ја потврдуваме нашата заложба за организирање на масовен, централен протест во понеделник (28.12.2015) во 17:00 часот пред Влада на РМ, под водство на повеќе од 20 организации од Скопје, Битола, и Тетово, на кој ќе се изрази граѓанскиот револт од досегашната пасивност на надлежните. На прес конференција на 25.12.2015 ги изнесовме нашите предлог краткорочни, итни мерки, како и среднорочни и долгорочни, стратешки мерки. Наш тим на правници, еко-активисти и експерти за екологија ги спремија мерките за неколку денови. Оттука, сметаме дека Владата и МЖСПП можат и мораат да работат далеку подобро. Ги повикуваме Владата и МЖСПП да делуваат веднаш! Нема потреба од усвојување, пишување и дебатирање. Потребно е итно спроведување на заштитни мерки!

Дополнително, Владата и МЖСПП треба да обрнат уште повеќе внимание на системските мерки и долгорочно решавање на проблемот. Имајќи го тоа предвид потребен е мораториум на сечата на урбаното зеленило, нешто со што се соочува секој поголем град во Македонија а особено критично е Скопје.

Им ветуваме на надлежните дека ќе продолжиме со граѓански притисок врз нив и со секојдневна анализа на нивната работа. Нашата кампања за чист воздух нема да запре се додека концентрациите на канцерогени ПМ10 и ПМ2.5 честички не се доведат под максималната граница пропишана од ЕУ, во период од 10 последователни денови.

Со почит,
Здружените иницијативи и организации:

Еко Свест
Фронт 21/42
Eco Guerilla (Тетово)
За нас се работи (Битола)
Go Green
Lëvizja Nëna dhe fëmija / Движење Мајка и дете (Тетово)
Заслужуваме подобро!
Воздух Сега!
Ние сме Карпош 4
#ТетовоНаТочак / #TetovaMeBiçikleta
Ајде!
No Pasaran!
Факултет за работи што не се учат
Стоп за фабриката Железара
Ќе дишеме или ќе издишеме
Скопје Смог Аларм
Стоп за загадувањето на Аеродром и Гази Баба
Го сакам ГТЦ
Плоштад Слобода

Профицио
Цивил - Центар за слобода

# БАРАЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ИТНИ МЕРКИ ВО РОК ОД 24 ЧАСА ОД НАДМИНУВАЊЕ НА ДНЕВНИТЕ ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ НА ЗАГАДУВАЊЕ:

## За секторот СООБРАЌАЈ:

- Да се изработи план за режим на сообраќај кој ќе се активира веднаш штом се надминат граничните вредности на загадувачки материи и доколку тоа трае подолго од 24 часа. Спроведувањето на Планот треба да подразбира координација помеѓу надлежната општина (Град Скопје, Битола, Тетово и други градови) и МВР. Во овој план, задолжително треба да биде вклучена мерка за намалување на цената на јавниот сообраќај во деновите со алармантно зголемени концентрации на загадувачки материи;
- Планот да вклучува забрана за движење на возила со понизок стандард од ЕУРО 4, како и возила на дизел;
- Во поширокото централно градско подрачје да не се движат патнички возила, а сообраќајот да се одвива само преку движење на јавниот превоз (автобуси и велосипеди) додека трае алармантната состојба од 24 часа надминување на загадувачките материи;

---

- Еко Свест
- Фронт 21/42
- Eco Guerilla (Тетово)
- За нас се работи (Битола)
- Go Green
- Lëvizja Nëna dhe fëmija / Движење Мајка и дете (Тетово)
- Заслужуваме подобро!
- Воздух Сега!
- Ние сме Карпош 4
- #ТетовоНаТочак / #TetovaMeBiçikleta
- Ајде!
- No Pasaran!
- Факултет за работи што не се учат
- Стоп за фабриката Железара
- Ќе дишеме или ќе издишеме
- Скопје Смог Аларм
- Стоп за загадувањето на Аеродром и Гази Баба
- Го сакам ГТЦ
- Плоштад Слобода
- Профицио
- Цивил Центар за слобода

*Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот.
Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.*



28.12. 2015 ПОНЕДЕЛНИК 17:00 ПРЕД ВЛАДА

**За секторот ИНДУСТРИЈА:**

- Привремена забрана за работа на индустријата (со А и Б интегрирани дозволи) и воведување времен прекин во деновите со зголемено загадување како и целосна транспарентност во известувањето до граѓаните за надзорот;
- Засилување на инспекцијата и континуиран надзор над индустриските капацитети (подложни на А и Б интегрирана дозвола) како и целосна транспарентност во известувањето до граѓаните за надзорот;

**За секторот ГРАДЕЖНИШТВО:**

- Задолжителна примена за мерките за заштита од емисии на прашина за сите објекти;
- Спроведување редовна инспекција од надлежните инспектори како и целосна транспарентност во известувањето до граѓаните за надзорот;
- Привремена забрана на градежните зафати кои емитуваат прашина на територија на градот, во денови со зголемено загадување;

## Канал 77 - Граѓански здруженија: Не ни треба евакуација на населението, туку чист воздух!

Граѓанските здруженија и иницијативи, кои го организираат протестот „Излези за воздух“ реагираат на мерките кои министерот за животна средина, Нурхан Изаири бараше да се разгледаат на владина седница, при тоа барајќи распустот на учениците да почне ...

## Нова ТВ - Граѓански здруженија: Итни мерки за воздухот, а не ветувања и владини тактики

Граѓанските здруженија и иницијативи - организатори на протестот „Излези за воздух“ реагираат на мерките кои министерот за животна средина Нурхан Изаири бараше да се разгледаат на владина седница, а со кои се бараше започнување на распустот еден ден .

## Алсат-М - Еко контроли за индустриските капацитети

ALSAT M

# Еко контроли за индустриските капацитети

21:17, 26 декември

Сподели ја веста:



Засилени инспекциски контроли за сите индустриски капацитети. Општински и државни инспектори за животна средина во наредните денови ќе ги „чешлаат" сите производни капацитети со А и Б еко-дозвола. Дополнителните вонредни мерења кои до 3-ти јануари ќе се вршат низ Македонија треба да покажат дали и во колкава мерка големите и помалите капацитетите го загадуваат воздухот.

„Тоа значи дека на дневна база ќе бидат посетени сите инсталации. Инаку дел од Скопските инсталации не работат. Како Макстил кој од септември не работи, Цементара Усје работи со 50% од капацитетот.Околу15 јануари прават и годишен ремонт и комплетно ќе ги исклучат печките. Скопски легури не работи. Капацитетот на поголемите правни субјекти е многу намален и според европските статистики само со 10 % загадување учествува индустријата а 47 – 53% најголемо загадување има приватното греење", рече Дарко Блинков – државен инспектор за животна средина.

Премиерот Никола Груевски, за пред јавноста, вели дека не знае за предлог-мерките за справување со загадувањето кои неговиот министер за екологија Нурхан Изаири вчера ги најави. Груевски му порача на Изаири предлозите да ги достави до Владата, а таа да ги разгледа.

„Доколку тој процени дека како прашање треба да го достави до влада ние ќе го разгледаме на седница на Влада", изјави Никола Груевски – премиер.

Изаири за Алсат М потврди дека предлог мерките веќе се доставени до владата и дека очекува на наредната седница тие да се разгледаат. Премиерот не одговори дали чувствува одговорност за тоа што граѓаните секој ден дишат воздух со високи концентрации на ПМ 10 честички, и дали по препораката на министерството за екологија распустот за учениците ќе почне од утре.

Верица Павлоска

## еМагазин - Македонија е земја со 1.000 диви депонии

еМагазин
Прв македонски онлајн магазин

# Македонија е земја со 1.000 диви депонии

16 VIEWS ДЕКЕМВРИ 28, 2015 ЧИСТА ОКОЛИНА РЕДАКЦИЈА ЕМАГАЗИН

Tweet



Во Република Македонија, само скопската депонија „Дрисла“ исполнува минимум критериуми од стандардите на ЕУ пропишани во Директивата за депонии.

Од картата се гледа дека речиси секоја општина има своја депонија за отпад, односно вкупно има 47 општински депонии од кои најголем број (13) се во првата група со површина од 0 до 5000 (м2 ).

Вкупното количество на депониран отпад, на сите депонии, во 2014 година изнесува 569 794 (тони), а вкупната површина што ја зафаќаат депониите изнесува околу 2 077 (илјади м2 ).

Особено е важно да се нагласи дека има околу 1.000 општински „диви“ депонии, особено во руралните области.

# Дневник - Автоматска станица за отпад во Шуто Оризари, рециклирање во Вардариште

Дневник ONLINE

## АВТОМАТСКА СТАНИЦА ЗА ОТПАД ВО ШУТО ОРИЗАРИ, РЕЦИКЛИРАЊЕ ВО ВАРДАРИШТЕ




Освен новиот рециклажен двор што наскоро ќе се отвори во Вардариште, јавното претпријатие „Комунална хигиена" в година ќе отвори уште една претоварна станица во атарот на општината Шуто Оризари, покрај онаа што се гради во Вардариште и постојната што се наоѓа во рециклажниот двор во Карпош.

Според помошник на директорот за финансиско-правни работи во „Комунална хигиена", Добре Босилковски, оваа претоварна станица ќе биде автоматска и ќе се простира на површина од 3.000 квадратни метри.

**Отпадот ќе се пресува**

- Со оваа претоварна станица ќе им се обезбеди претовар на комуналните возила што го собираат отпадот од општините во тој дел, Шуто Оризари, Чаир и Бутел, и ќе се намалат трошоците на транспортот на отпадот во депонијата „Дрисла". Во неа ќе се претоварa отпадот од малите камиони. Отпадот ќе паѓа на преса каде што ќе се пресува и оттаму ќе се носи во прес-контејнери. Потоа овие контејнери ќе се носат со специјални поголеми возила во депонијата „Дрисла" - објасни Босилковски.

Тој вели дека е предвидено да има најмалку четири прес-контејнери, а по потреба и повеќе. Проектот е предвиден со планот за јавни набавки и инвестициската програма на претпријатието за која треба да даде согласност Советот на Град Скопје.

Претоварната станица во Шуто Оризари е предвидено да чини 20 милиони денари.

**Отворање на дворот во Вардариште**

Во јануари треба да проработи и новиот рециклажен двор со претоварна станица во Вардариште, кој го гради фирмата „Ју-бај 2 Амет" од Бојане.

Овој двор за селекција и рециклирање на отпадот ќе се простира на површина од 2.000 квадратни метри и заедно со стационарот за бездомни кучиња ќе претставува една целина под надлежност на „Комунална хигиена".

Во овој двор ќе има влезна порта, односно лизгачка врата, а на самиот влез ќе има нагазна вага за мерење на отпадот, кој потоа преку соодветни патеки ќе се носи на мини-сортирачка линија за доселектирање на отпадот од пакување, во кој спаѓаат ПЕТ-амбалажата, хартијата, лименките и стаклото. На оваа линија ќе се селектираат сите фракции од отпадот, а потоа тој ќе се балира на преса и ќе се пакува.

Во рециклажниот двор ќе има и канцеларија за вработените и чуварска куќа. За отпадот ќе има посебни магацини, како и специјални садови за одлагање на примарно селектираниот отпад од граѓаните што ќе сакаат таму да го одложат. Ќе има садови за одлагање кабаст отпад, како и садови за електронски апарати.

Новиот рециклажен двор ќе ги опслужува жителите на општините Гази Баба, Аеродром и Бутел, со што значително ќе се олесни селекцијата во овој дел од градот. Засега граѓаните кои сакаат да однесат нешто за рециклирање на располагање го имаат единствениот рециклажен двор во Карпош, кој постои од 2008 година.

Во рамките на новиот центар за отпад се предвидува изградба и на претоварна станица.

**Анела Петрова**

## Lider – Италија: Солени казни за лоши навики

ЕКОНОМСКИ LIDER

# Италија: Солени казни за лоши навики

Ми се допаѓа 1 Share



Италија планира со помош на неодамна одобрените нови закони на „зелената економија“ да го намали загадувањето на животната средина.

Доколку имате навика отпушоците од цигарите или гумите за џвакање да ги фрлите на улица, а наскоро планирате да заминете за Италија, подобро повеќе да го наполните паричникот.

Од неодамна за фрлањето на отпушоци од цигари на улица следува казна од 300 евра, додека за фрлање на гума или пластична чаша за кафе ќе мора да издвоите меѓу 30 и 150 евра.

Од друга страна, градските власти ќе мораат да се потрудат на сите јавни места да обезбедат доволен број на пепелници и канти за отпад.

ПОВРЗАНИ

Италија е на добар пат – излезе од рецесија

Церар: Хрватска би можела да испраќа имигранти преку Истра во Италија

Во Италија запленет кокаин во вредност од

*Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот.
Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.

## On.net - Италија: Почист воздух - пица 1:0

### Италија: Почист воздух - пица 1:0

**Со намера да дишат почист воздух Италијанците забрануваат возење автомобили. За почист воздух, забрануваат и печење во фурни за пица. Може ќе забранат и огномет за Нова година.**




Почнувајќи од понеделник (до среда) Рим и Милано активираат забрана за управување моторни возила по неколку часа дневно.

Исто така, ве некои италијански градови луѓето се поттикнуваат да патуваат со јавен превоз со тоа што еден билет ќе им важи за цел ден.

Милано можеби ќе забрани и огномети за Нова година.

Мало италијанско гратче близу Неапол забранува печење во фурни за пица што се на дрва. Градоначалникот прогласил тримесечна забрана за традиционалното печење на пица, откако шест месеци нивото на загаденост на воздухот било над дозволеното.